**Известување за концентрација со која ПОДРАВКА АГРИ д.о.о., Хрватска стекнува самостојна контрола над друштвата БЕЉЕ плус д.о.о., Хрватска, ПИК-ВИНКОВЦИ плус д.о.о., Хрватска, ВУПИК плус д.о.о., Хрватска, Енергија Градец д.о.о., Хрватска, БЕЉЕ АГРО-ВЕТ плус д.о.о., Хрватска, ФЕЛИКС плус д.о.о., Хрватска (предмет бр. 08-125/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 22.08.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која друштвото ПОДРАВКА АГРИ д.о.о., со регистрирано седиште на Анте Старчевиќа 32, Копривница, Република Хрватска стекнува самостојна контрола над друштвата БЕЉЕ плус д.о.о., со седиште на Свети Јован Крстител 1а, Дарда, Република Хрватска, ПИК-ВИНКОВЦИ плус д.о.о., со седиште на Матије Гупца 130, Винковци, Република Хрватска, ВУПИК плус д.о.о., со седиште на Сајмиште 113Ц, Вуковар, Република Хрватска, Енергија Градец д.о.о., со седиште на Људевита Посавског 5, Сесвете, Загреб, Република Хрватска, БЕЉЕ АГРО-ВЕТ плус д.о.о., со седиште на Кокинград 4, Меце, Дарда, Република Хрватска и ФЕЛИКС плус д.о.о., со седиште на Матије Гупца 130, Винковци, Република Хрватска.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ПОДРАВКА АГРИ** д.о.о. е со примарна дејност управувачки активности на холдинг друштвата и е во целосна сопственост на Подравка д.д.

Примарна дејност на Подравка д.д. е производство на преработена храна и фармацевтски производи.

Во Република Северна Македонија, Подравка има едно регистрирано директно зависно друштво:

– Друштво за трговија и услуги ПОДРАВКА ДООЕЛ Петровец, друштво со ограничена одговорност основано од едно лице, со регистрирано седиште на ул. 9 бр.4, кат 7, Мултифу./Инд. Зона – Ќојлија ЌОЈЛИЈА, Петровец. Регистрираната дејност на ПОДРАВКА ДООЕЛ Петровец е 46.39 – Неспецијализирана трговија на големо со храна, пијалаци и тутун.

Исто така, во Република Северна Македонија, Подравка има и едно регистрирано индиректно зависно друштво:

– Друштво за трговија и услуги БЕЛУПО ДООЕЛ Скопје, друштво со ограничена одговорност основано од едно лице, со регистрирано седиште на Булевар 3-та Македонска

бригада бр.68, Скопје. Регистрираната дејност на БЕЛУПО ДООЕЛ Скопје е 46.46 – Трговија на големо со фармацевтски производи.

**БЕЉЕ плус д.о.о.** е со регистрирана дејност А0111 - Одгледување на житарки (освен ориз), мешунки и маслодајни семиња. Друштвото исто така е активно и во сточарството, вклучително и одгледување свињи и говеда, полјоделство, одгледување на посеви, одгледување домати во стаклени градини, лозарство и производство на вино.

**ПИК-ВИНКОВЦИ плус д.о.о.** е друштво чии главни активности се полјоделство, одгледување и складирање зеленчук, како и сточарство, вклучително и одгледување свињи и говеда.

Главните активности на **ВУПИК плус д.о.о.** вклучуваат свињарство, земјоделство и градинарство, сточарство, лозарство и производство на вино. Како дел од Вупик, постои и претоварно пристаниште кое работи на две локации: силос Дунав Вуковар и силос Бобота.

Основната дејност на **Енергија Градец д.о.о.** е производство на електрична енергија од обновливи извори, односно истата произведува електрична енергија од биогас преку 5 постројки за биогас во Република Хрватска. Регистрираната дејност на друштвото е Д3514 – Трговија со електрична енергија.

Основната дејност на **БЕЉЕ АГРО-ВЕТ плус д.о.о.** е давање ветеринарно-медицински услуги, вршење стручен надзор и давање стручни совети.

**ФЕЛИКС плус д.о.о.** е со регистрираната дејност G4621 - Трговија на големо со житарки, суров тутун, семиња и добиточна храна. Друштвото се занимава и со обработливо земјоделство и управува со земјоделско земјиште

Ниту едно од погоренаведените целни друштва нема регистрирани зависни друштва или подружници во Република Северна Македонија.

Подносителот смета дека **релевантниот пазар на производи** може да се дефинира како пазар за производство и снабдување со намази од сирење.

По однос на **географскиот опсег на пазарот** за предметната концентрација, Подносителот предлага дефиницијата на пазарот да биде територијата на Република Северна Македонија.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува сите заинтересирани страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување**.**

27.08.2024 година, Скопје